Job Access
Driving disability employment

# ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ
# УСЛУГИ И ПРОГРАМИ НА РАСПОЛАГАЊЕ НА РАБОТОДАВЦИ

Низа услуги и програми се на располагање на работодавците за да вработат и задржат луѓе со попреченост. Меѓу нив се:

**Националните службеници за координација во врска со попреченост (National Disability Coordination Officers)** може да поврзат училишта со владината помош за вработување и да го подобрат преминувањето од училиште до работата.

**Системот на поддршка на плати (Supported Wage System)** ви овозможува да ја усогласите соодветната плата со продуктивноста на вработено лице со попреченост. Системот исто така може да го користат вработените чии работни места би можеле да бидат загрозени поради намалена работна способност.

**Додатокот на плата за австралиски лица со попреченост кои се обучуваат за занает (Disabled Australian Apprenticeship Wage Support)** обезбедува парични исплати на австралиски лица со попреченост кои се обучуваат за некој занает и кои ги исполнуваат условите.

**Програмата за индивидуална помош на работа (Work Based Personal Assistance)** помага да се покријат трошоците за услуги на поддршка на работното место на лица на кои им е потребна редовна помош поради нивната попреченост или медицинска состојба.

**Додатокот за превоз (Transport Allowance)** може да помогне ако имате вработено лице кое има медицинска потврда дека не може да користи јавен превоз.

**Националната програма за работна пракса (National Work Experience Programme)** може да ви даде можност да видите видете како луѓето со попреченост работат во вашата работна средина и колку се способни да извршуваат различни работни задачи.

**Програмата за развој на заедницата (Community Development Programme)** може да помогне да најдете луѓе во оддалечени делови на Австралија – вклучувајќи ги тие со попреченост – кои одговараат на потребите на вашиот бизнис.

**За повеќе информации за овие услуги** или за информации за вработување на лица со попреченост соодветни на вашите работни места, посетете ја интернет страницата www.jobaccess.gov.au или јавете се на советник на JobAccess на 1800 464 800 – повици од мобилни телефони се наплатуваат.

Australian Government

JobAccess is the national hub for workplace and employment information for people with disability, employers and service providers.

**1800 464 800** **www.jobaccess.gov.au**